Томо ТОМОСКИ

# СРЕДНОВЕКОВНИ ГРАДОВИ ВО ПОЛОГ[1])

За полошките градови во средниот век се зачувани сосема малку податоци во писмените извори па поради тоа за нивното запознавање е користен материјал од топономастиката и од реконгносцирањето на пределот. Постоењето на некои градови може да се утврди и со помош на останките од материјалната култура.

Во Полог во средниот век, имало повеќе градови. Еден од нив бил и градот Полог, кој бил забележен, кон крајот на 1153 година, од Арабјанецот Идриси[1a]).

Впрочем, дека во полошката котлина имало и други градови прикажува биографот на српскиот владетел Милутин. Тој пишува дека српската феудална војска во 1282 година ги пре-

---

[1]) Полог е пространа и плодородна котлина во горниот дел на реката Вардар. Пределот се протега меѓу Шар Планина на една страна и Сува Гора со Жеден од другата страна. Освен тоа, меѓите на Полог се простираат и до планината Буковик, како и до вардарскиот Дервент. Полошките населби се распоредени претежно по работ на котлината и тоа во долниот и горниот појас на планините.

За потеклото и значењето на името Полог има повеќе објаснувања. Меѓутоа, прашањето останува сè уште отворено и за проучување. Словенските топоними датираат од населувањето на Словените во Полог. Присутноста на Словените оставила длабоки и неизбришливи траги во топографската номенклатура.

Прва вест за Полог е поврзана за навлегување на еден нормански одред во северна Македонија во 1081/2 година. Ана Комнина, која е извор за тој настан, прикажува и за преземањето на Полозите во 1093/4 година од страна на рашкиот жупан Волкан. Нешто повеќе за Полог може да се најде во „Географијата" на Идриси. По паѓањето на Латинското царство била обновена византиската власт во Македонија, па и во Полозите. Но, набргу, во 1282 година српската феудална војска го презела Полог. За Полог под српска власт податоци има во грамотите на српските владетели, како и во византиските и српските наративни извори. По битката на Марица во 1371 година Полог едно време го држел Вук Бранковиќ, а набргу потоа потпаднал под турска власт.

[1a]) W. Tomaschek, Zur Kunde der Hämus-Halbinsel, II. Die Handelswege im 12 Jahrhundert nach den Erkundigungen des Arabers Idrisi, Sitzungsberichte d. phil. — hist. Cl. CXIII. Bd. I Hft., s. 360.

зела двата Полога со нивните градови.[2]) Писателот не ги кажува имињата на тие градови. Меѓутоа, називите на некои од тие градови се забележани во други извори. Имено, во „Животот на преподобниот Симеон“ се запишани имињата на повеќе градови, меѓу нив и градот Лешки во Долниот Полог и градот Градац, кои биле освоени од српската феудална војска во 1189 година[3]). Последниов град, според мислењето на некои научни работници е идентичен со градот што некогаш лежел кај полошкото село Градец. Називите на други две тврдини, со име Собри и Трново, се регистрирани во турските пописни книги од XV век[4]).

На другите полошки градови делумно може да се утврди идентитетот. Нивната положба може да се определи со трагите од материјалната култура, како и со помош на микротопонимите. Нив редовно ги има на местата што носат назив: градиште, кале и хисар, а потоа и на локалитети со име самоградиште, градец, калиште, кула, пирок и стража[5]).

Називот Градиште е прилично раширен и го имај кај с. Јегуновце, во завојот на реката Вардар, потоа кај селата Орашје, Беловиште, Теарце, Градец, Пожаране, Врапчишта, Здуње, Милетино, Челопек, Балин Дол и Горна Бањица[6]).

Топонимот Самоградиште е забележен само во грамотата на српскиот владетел Душан за манастирот Богородица Хтетовска и тоа кај с. „Штенче“[7]).

---

2) Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други, на свијет издао Б. Даничић, Загреб 1866, стр. 108.

3) Списи светога Саве и Стевана Првовенчанога, превео Л. Мирковић, Београд 1939, стр. 183.

4) Hazim Šabanović, Krajište Isa bega Ishakovića, Zbirni katastarski popis iz 1455 godine. Sarajevo 1964, L. bel. 74. Види и Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер № 4 (1467/1468 година), Скопје 1971, стр. 399.

5) За ова повеќе види во мојата статија: Апелативи на нашите средновековни градови, Историја I, Скопје 1965, 2, стр. 55—97.

6) Материали по изучванието на Македония София 1896, стр. 461. Ѓорче Петров, автор на приведениот труд, бил збунет од големиот број локалитети со име Градиште, па размислувајќи за тоа нешто, дошол до заклучок дека со тој назив биле именувани не места каде некогаш имало градови, туку останки од некогашните згради. За спомнатиот топоним види уште и кај: Бл. Алексова, Средновековни наоѓалишта во Полозите, Гласник на Институтот за национална историја, III, Скопје 1959, 1, стр. 223, 225, 230; Ив. Микулчиќ, Минатото на Гостиварскиот крај преку археолошки наоди, Гостиварскиот крај, I, Гостивар 1970, стр. 86; Р. Грујић, Полошко — Тетовска епархија и манастир Лешак, Гласник СНД (Скопског Научног друштва) XII, Скопље, 1933, стр. 40; Јован Хаџи Васиљевић, По Тетовској обалсти, Браство XXIX, стр. 206; А. М. Селищев, Полог и его Болгарское население, София 1929, стр. 49 и 66; како и мојата статија, Прилог кон убикацијата на Модричкиот манастир, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје 1971, стр. 258.

7) Законски споменици српских држава средњега века, прикупио и уредио Стојан Новаковић, Београд 1912, стр. 658, IX. Тука, кај с. Стенче,

Кале како назив се среќава кај Тетово и кај селата Лешок, Вратница, Орашје и Равен. Кај последново село, споменатиот топоним се слуша и како Калаја[9]). Тетовската тврдина е позната и под име Хисар Кале и Марково Кале. Првиот топоним е забележан во преданието за Калето Исар[10]). Тој е составен од две именки што имаат еднакво значење. Вториот назив спаѓа во групата топоними што се сложени од апелатив и придавка изведена од лично име. Кон оваа група спаѓа и називот Миланово Кале, кај с. Врапчишта[11]).

Топонимот Хисар потекнува од турско време. Тој означува не само средновековен туку и некаде и античен локалитет[12]).

Пирок како назив бил регистриран во турскиот пописен дефтер № 232 од 1544/5 година и тоа како Пиргос. Тој потекнува од грчкиот збор за кула, со која некогаш бил оограден модричкиот манастир[13]). Топонимот Кула се среќава кај с. Чајле[14]).

Називите на полошките села Градец и Калиште се апелативи од средновековните тврдини[15]).

Развојот на античките населби сосема бил прекинат со населувањето на Словените во полошката котлина. На парцелите на тие населби или во нивната близина, како на пр. кај селата Лешок и Градец, израснале словенски села. Напоредо со феудализацијата на производството и на општествените односи се изградувале и средновековните градови. Меѓутоа, постанокот на тие градови како и нивниот развој не може да се уточни и проследи со веродостојни показатели. Градовите бездруго постоеле во втората половина на IX век. Воедно, нивните имиња укажуваат на уделот на Словените во нивната изградба.

---

Ѓ. Петров забележал урнатини од тврдината „Стена“. Види за тоа во неговиот труд, на стр. 456. Денес местото го нарекуваат Градиште. Тоа е долго околу 200 м, а широко до 5 м. На исток од Градиштето има еден благ преод, а на северната страна се протега Баир дол, кој е длабок до 100 м и зараснат со горица. Јужната страна не е толку стрмна, како што е тоа случај со северната. На локалитетот, особено во источниот и северниот дел, има останки од керамиди и темели од ѕидови.

9) Бл. Алексова, нав. статија, стр. 219, 211, 225, 227, 231. Види и кај Ј. Х. Васиљевиќ, нав. статија, стр. 183, 206 и 207, како и кај А. Селищев, нав. труд, стр. 49 и 63.

10) Марко К. Цепенков, кн. 7. Преданија, Скопје 1972, стр. 133.

11) Исто, стр. 132.

12) За значењето на зборот хисар види во моите статии: Полошките хисари во XV век, VI. Скопје 1970, 2, стр. 166, бел. 1, како и Валандовскиот Хисар, Зборник на Археолошкиот музеј на Македонија VI—VII (посветен на Димче Коцо), Скопје 1975, стр. 271, бел. 1.

13) Види ја мојата статија Прилог кон убикацијата... стр. 257.

14) Р. Грујиќ. Полошко-Тетовска епархија... стр. 37 и 40.

15) Види во мојата статија: Апелативи на нашите средновековни градови... стр. 55 и 57. За спомнатите називи како и за Кула, Стража, Пирок и Хисар види и кај Р. Грујиќ во нав. статија на стр. 37, 38 и 40.

Во градот живеел феудалецот. Освен тоа, во случај на опасност, таму се прибирале жителите што живееле надвор од градските ѕидови. Во немирно време, жупљаните можеле да најдат прибежиште и во манастирите[16]). Тие, поради богатството што го притежавале, биле изложени на постојани грабежи од страна на световните феудалци и на надворешниот непријател. Во врска со тоа и за одбрана од нив тие биле принудени да прават град. За градски ѕидови и кули изградени околу некои манастири се зачувани податоци во наративните извори, а за нив се прикажува и во легендите. Имено, биографот на српскиот владетел Милутин пишува дека тој околу манастирот Хиландар соградил град со голема тврдина[17]). Според една легенда, манастирот св. Ѓорѓија во Битола пред преземањето на градот од Турците „бил обграден со јако кале"[18]). Споменатиот српски владетел во Хрусија направил „пирьгь великь", на неговиот врв поставил црква, а околу него изградил град и многу полати[19]). Понекогаш пред црковната зграда се издигал и висок стльпь, кој можел да служи и како камбанарија[20]). Кулите обично биле големи и јаки објекти, градени во висина, на неколку ката, со град околу и покриени претежно со олово[21]). Кулите служеле за одбрана, едновремено биле користени како соќници (житници), а и како затвор[22]).

Градовите биле градени пред сè и во прв ред за потребите на господаречката класа во феудалното општество. Градот служел како воен пункт за одбрана од непријателот, а воедно и како упориште за држење во послушност и за угнетување на зависното население. Градовите биле поставувани особено во пограничните предели како и на оние пунктови што имале значење за заштита од непријателскиот напад или за контрола на комуникацијата. Полог долго време, сè таму до 1282 година, бил пограничен предел и во близината на српско-византијската граница. Таа тогаш врвела преку Шар Планина[22а]), која како висок и непремостив бедем се протегала меѓу двете држави. На таа, од природа зацврстена граница, т.е. во подножјето на планината биле изградени од основа или обновени повеќе градови.

---

16) Животи краљева и архиепископа српских... стр. 340.

17) Исто, стр. 132.

18) М. К. Цепенков, нав. труд, стр. 221.

19) Животи краљева и архиепископа српских... стр. 133.

20) Исто, стр. 375.

21) Исто, стр. 372 и 375.

22) Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Скопје 1975, стр. 221; Александар Соловјев, Одабрани споменици српског права, Београд 1926, стр. 165.

22а) Во средината на XIV век српската канцеларија ги распоредила имотите што манастирот Хиландар ги имал во Полог во „српска земја (по срьблюхь), а оние што ги притежавал јужно од полошката котлина во „грчка земја" (по Романіи), Законски споменици... стр. 420 VIII и 422.

Византија во пограничните планински предели населувала колонисти, кои примале врз себе воена обврска. Освен тоа, планинските жители, што ги чувале тамошните преоди и комуникации, притежавале посебни даночни олеснувања. Во Полог, според податоците од манастирските грамоти, имало луѓе што служеле во војнички закон[23]). Никифор Григора, од своја страна, прикажува за контрола на комуницирањето што ја вршеле посматрачи поставени на вратата кај Христопол[24]).

Преку полошката котлина се протегал западниот пат, кој како делница на драчката магистрала се одделувал кај Охрид и потоа продолжувал за градовите Полог и Скопје. Полог според Идриси, бил оддалечен од Охрид два дена одење, а од Скопје само еден ден[25]).

За еден друг пат, што од Горни Дебар и струшкиот Модрич водел за Полог, пишува Барлети, биографот на Скендер бег[26]).

Во Полог, во средниот век, бездруго постоел и подгорски пат, кој се протегал во подножјето на Шар Планина и притоа ги поврзувал манастирите во Гостивар, Модриче и Хтетово, па преку Лешок продолжувал за Вратница, Качаник и Косово. На таа комуникација или во нејзината близина, и тоа на работ од котлината или на вториот горниот појас, биле изградени неколку града. Некои од нив биле појдовни пунктови за патиштата што од Полог воделе преку Шар Планина за Средска и Призрен. Комуницирањето на полошките градови со Призрен било отежната поради несигурноста на движењето по патиштата, а во зимско време и поради длабокиот снег.

Во полошката котлина, покрај споменатите патишта, имало и други комуникации. Една од нив се протегала преку реката Вардар на Стар Брод кај с. Желино и оттаму продолжувала за Скопје[27]). Во изворите се регистрирани и локални патишта, како на пр.: „лешки пут", „подлужки пут", „речички пут" и „цеста у Црвени Брег"[28]).

Некои од полошките комуникации се протегале низ тамошните сатески. Клисурите во Македонија, уште пред населувањето на Словените, се користеле за комуницирање со соседните предели, а и за воени цели. При влезот или при излезот од клисурата обично стоела воена станица со задача да го обезбедува патот. Римскиот историчар Тит Ливије забележал „кланце који

23) Споменици за средновековната и поновата историја... стр. 226.

24) Nicephori Gregorae, Byzantina historia, Bonnae 1829, p. 395.

25) W. Tomaschek, нав. статија, стр. 360. Г. Шкриванић во својот труд: Путеви у средњевековној Србији, Београд 1974, на стр. 78 прави привид и двојно ја зголемува оддалеченоста меѓу спомнатите места.

26) W. Tomaschek, нав. статија, стр. 361.

27) Законски споменици... стр. 658, V.

28) А Соловјев, нав. труд, стр. 131.

воде у Пелагонију". Во нив македонскиот владетел Филип V сместил војнички одред[29]).

Подоцна, во времето на развиениот феудализам, Душановиот законик во чл. 157, 158 и 160 предвидувал поставување стража за чување патишта или пусто брдо. За една наводно таква стража пишува и византискиот историчар Никифор Григора[30]). Впрочем, и дубровничката грамота на бугарскиот владетел Иван Асен II им гарантира на трговците слободно минување по градовите и клисурите на територијата на бугарската држава, па и во Македонија, која тогаш била под бугарска власт[11]).

Во некои клисури, за заштита и контрола на тамошната комуникација, имало изградени и деми. Станува збор за преграда направена од дрвен материјал или од изграден ѕид. Со една таква дема била заградена клисурата кај Клидион на реката Струма[32]) Според Никифор Григора комуникацијата што од Македонија водела за Тракија била преградена кај местото Христопол и тоа со голем ѕид што се протегал од морето до врвот на блиската планина[33]). Според Ѓорче Петров и клисурата на реката Вардар кај местото „Стрезоо Кале" наводно ја преградил со „напречни вериги" некој си разбојник Стрез војвода[34]). При формирањето на таква слика за теренот кај с. Собри веројатно придонеле и градиштата што се наоѓаат од обете страни на реката Вардар. Освен тоа, Ѓорче Петров прикажува и за преграда што наводно постоела кај местото Групчин, во тамошниот Дервент, а на патот Тетово—Скопје[35]).

Споменатите деми служеле и за воени цели. Така, кај преградата што се наоѓала во клисурата на реката Струма, кај местото Клидион се случил голем оружен судир меѓу војската на Самуило и на Византија. Византиското воено искуство за водење војска во клисурите било искажано преку перото на Кекавмен, автор на трудот Стратегикон[36]).

Српската феудална војска при навлегувањето во Македонија наишла на една преграда од градови што биле изградени во клисурите на реките Вардар, Брегалница и Црна. Станува збор за градовите Велес, Штип, Чрешќе, Просек, Чемрен и Же-

---

[29]) Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, Скопје 1957, стр. 202.

[30]) Nicephore Gregoras, Correspodance, Collection Byzantine, Paris 1927, стр. 28, како и во Byzantina historia, p. 384 и 434.

[31]) Йорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония, София 1931, стр. 578.

[32]) Византијски извори за историју народа Југославије, III, Београд 1966, стр. 105, 106 и 110.

[33]) Nicephori Gregorae, Byzantina historia, I, p. 246, 319 и 354.

[34]) Материали по изучванието на Македония, стр. 254.

[35]) Исто, стр. 417.

[36]) В. Васильевскиј, Совѣты и расказы византыского боярина XI вѣка. С. Петербургъ 1881, стр. 24 и 26.

лезнец[37]). Трново и Собри, градови во клисурите на реката Лакавица и по горниот тек на реката Вардар, се познати од турските пописни книги. Тврдината Собри била изградена во вардарскиот Дервент, на комуникацијата што од Долни Полог водела за Скопје, а градот Трново го чувал патот Полог — Кичево.

Градовите во Полог, како и во другите делови на Македонија, биле изградени на врвоите од ридовите, на возвишените места. „Градь врьхоу горы",[38]), според Данило, не можел да се скрие од погледот на човекот. Градовите во Полог биле претежно мали тврдини. Неколку од нив со својата положба и големина претставувале јаки и тешко освоиви воени пунктови. Некои градови, покрај горни град (акропол), имале развиен и подград, долни град (јамборија). Градот бил ограден со дебели ѕидови, кои биле изградени од камен. Освен тоа, тие биле зајакнати со високи и масивни кули. Градските ѕидови на Трново и Собри имале доградба и тоа на оние места, кои биле слабо заштитени или имале пукнатини. Градот Собри бил делумно окружен со длабок ров и насип. Тврдините имале „врата градьна ꙗ"[39]), а кај некои и по неколку. Освен тоа, градовите имале и тајни излези. Во близината на градот, обично надвор од градските ѕидови, се држел пазар, на кој месните жители ги изнесувале своите продукти.

Со градовите управувале мажи „доверливи и именити". Некои градови имале старешини посебно за горниот и одделно за долниот град. Подвижната војска била таа што ги чувала сите грдови. Меѓутоа, градовите имале свои војници-чувари. Градскиот одред можел, по потреба, да се формира и од наемници.

Градот располагал со оружје и орудија за одбрана и тоа со стрели, справи за фрлање камен, потоа со материјал потребен за одбрана на градот. Притоа, воловските кожи служеле за покривање на лесно запаливи објекти и згради во градот. Освен тоа, во градот се чувале хранителни продукти, меѓу кои и солено месо. Житото било сместено во градските кули, во житници. На некои градови им недостасувала вода, па затоа граѓаните биле принудени да ја леат надвор од градските ѕидови или да градат цистерни за вода.

Секој град имал своја околија, своја „contrata". Во времето на развиениот феудализам, полошката котлина во целина претставувала една административна единица. Таа е забеле-

---

[37]) Животи краљева и архиепископа српских... стр. 197 и 226. Види и во мојата статија: Белешки по повод воениот поход на Андроник III во Македонија во 1330 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, на Универзитетот во Скопје 16, Скопје 1964, стр. 41—44.

[38]) Животи краљева и архиепископа српских, стр. 131.

[39]) Исто, стр. 259 и 265.

жена како „жоупа полож'ка" во грамотата на српскиот владетел Милутин за манастирот Св. Георги Горгос[40]). Административен центар на полошката област бездруго бил еден од полошките градови. Во пописот на имотите на Хтетовскиот манастир околу 1346 година се споменува кефалија полошки[41]). Впрочем, и под турска власт од полошката котлина била формирана една единствена административна единица под име нахија (и вилает) Калканделен (Тетово)[42]).

Градовите биле градени од тврд материјал, од камен што бил врзан со малтер и греди. Каменот некаде имал бела боја, па оттука произлегува и називот „бели градови". Во пределот северно од Полог имало град изграден од дрвен материјал. На таков заклучок упатува и податокот "одь Дрѣвѣна Града" што е забележен во грамотата на српскиот владетел Драгутин за манастирот Хиландар[43]). Градовите се граделе со „работа" (ангарија, кулук) на зависните луѓе. „Градоѕиданието" била една од тешките работни обврски. По потреба и со наредба се собирала работна рака за градење на градови. Кулучарите со свој работен добиток и свои коли пренесувале градежен материјал, а учествувале и на друг начин во „градоѕиданието".

Градовите во Полог биле често уривани и повторно обновувани во текот на војните и при политичките промени. По рушењето на градовите земјата останувала незаштитена и без свои воени упоришта за одбрана. Непријателскиот напад започнувал со окружување на градот со војска, т.е. со затворање на сите приоди кон него и со пустење на пределот. Во случај бранителите на градот да пружат отпор, тогаш стапувале во дејство машините за фрлање камен. Опсадата на градот завршу-

---

[40]) Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, 223.

[41]) Споменик Српске краљевске академије наука III, 38. Според Р. Грујиќ во Полозите под византијска власт имало две жупи: една во Долниот со центар во градот Лешок и втората во Горниот Полог со седиште во Градец. Тој до ваков заклучок дошол врз основа на податокот што го дава Данило за српскиот владетел Милутин, дека тој ги презел обата Полога, со нивните градови и со областа. Меѓутоа, тој испуштил од предвид дека српскиот владетел ја освоил дебарската земја со сите градови и со нивните држави, исто така и кичевската земја со градовите и нивната област, како и поречката земја со градовите и нивната област. Види и кај Р. Грујић, Полошко-Тетовска епархија, стр. 37 и 38.

[42]) Турски документи за историјата на македонскиот народ. Опширен пописен дефтер № (1467—1468), Скопје 1971, стр. 293. H. Šabanović нав. труд, стр. 18 и 67. Навистина, во XIV век, во грамотите на српските владетели за призренската епископија и за манастирот Богородица Хтетовска се забележани Горни и Долни Полог. Меѓутоа, тие не се посебни административни единици, туку географски делови од полошката жупа. Види во Законски споменици... стр. 639, 640 и 658. Исто така и под турска власт се спомнуваат Горна и Долна нахија како делови од една политичко-територијална единица. Глиша Елезовић, Турски споменици I, 1, Београд 1940, стр. 44, 46 и 50.

[43]) Законски споменици... стр. 388.

вала со неуспех доколку напаѓачот не располагал со доволен број добро вооружени војници и доколку не поседувал справи и орудија за совладување на отпорот на бранителите. Граѓаните, во одговор на непријателскиот напад фрлале врз агресорот во прв ред стрели и камен. Опсадата била придружена со загуби и страданија, особено ако таа се одолжувала на подолго време. Имено, со исцрпувањето на резервите од хранителни продукти, настапувала глад, а напоредо со тоа се ширеле и болести. Положбата во градот се влошувала при нарушувањето на редовно снабдување со вода и во случај непријателот да ги запалил дрвените објекти. Но имало граѓани, кои бргу се предавале, одбегнувајќи ја на тој начин можноста да се изложат на страданија и да го загубат имотот. Имено, освојувачот по правило го ограбувал градот, а жителите ги поробувал и во некои случаи ги преселувал во друг предел. Византиските владетели на оние градови што им се предавале им потврдувале со грамота некои права.

Од градовите што биле изградени во Полог заслужуваат внимание следниве:

1 Собри[44])

Градот бил изграден на местото Орешко Кале, кај селото Оращје, на еден висок рид што се протега од левата страна на Вардар. Тој лежел при влезот на реката од полошката котлина во вардарскиот Дервент. Локалитетот е од две страни ограден со длабоки долини на планинските реки Голем Поток и Вратничка Река. Третата страна од ридот се спушта кон проширената клисура на реката Вардар. Од некогашниот град се зачувани само останки од кули и ѕидови. Јужната кула има четвороаголен облик со ѕидови во размер 9,60 x 8,40. Ѕидовите се дебели 1,80 м., а високи некаде и до 20 м. Пред и зад кулата се протегал длабок ископ што некогаш служел за одбрана од непријателот. Јужно од спомнатата кула, на околу 10 м од неа има урнатини од еден ѕид. На локалитетот се распознаваат уште два објекта и тоа на оддалеченост од околу 60 м. Северната кула е во руинирана состојба. Од неа е зачуван еден ѕид со доградба на уште еден ѕид, кој бил дебел околу 0,50 м. Зад кулата се забележуваат останки од ровови и ѕидови што го делеле градот од заград. Целиот комплекс бил ограден со еден надворешен ѕид. Во подножјето од градот, од северна страна на местото киша (црква) биле откривени останки од црква со фраг-

---

[44]) Село со исто име се наоѓа југозападно од Валандово. Види ја мојата статија: Валандовскиот Хисар... стр. 276, бел. 11 каде станува збор за потеклото на Валандово. Меѓутоа, називот на спомнатата населба бездруго потекнува од името Алаванда, кое се среќава и во Пописот на имотите на Хтетовскиот манастир до 1346 година, Споменик СКА III, стр. 37.

менти од фрески, потоа казани, како и гробови и ќунци од водовод во црвен малтер.

Собри, имајќи добра положба се зачувал како активна тврдина и во XV век[45]). Хисарот бил значаен воен пункт во времето на турскиот продор во пределите западно и северно од Полог. Тогаш градот Собри имал турски гарнизон. Според пописниот дефтер од 1455 година диздарот (управник на градот) и мустахфизите (чувари на градот) притежавале тимари за службата што ја вршеле во градот. Едновремено во споменатиот попис било регистрирано и селото Собри со 46 хане и 14 неоженети во составот на хасот на Хасан бег, субаша на Калканделен[46]).

Спомнатото село пред 120 години го забележал Гедеон Јуришиќ. Меѓу другото, тој пишува дека на 8 часа одење од Тетово за Скопје, по патот што се протегал по реката Вардар, можел да се види еден град, што народот го нарекува Просек, Стрезов град[47]). Притоа, Г. Јуришиќ неточно ги изедначил жеденскиот Дервен со Демир-капијската клисура, а градот Собри со градот Просек. Нема сомневање дека ваквото мислење нашло одраз и во исконструираното житие за кнезот Стреган, кој наводно изградил нови тврдини на 4 часа далеку од Скопје[48]).

Според Јован Хаџи Васиљевиќ називот Срезово за Собирското кале го рашириле „по книги" некои калуѓери од манастирот Лешок[49]). Спомнатиот писател, покрај другото, го пренесува и преданието што своевремено го забележал Ј. Цвијиќ за Градиштето во Дервентот, кое наводно било остаток од Леѓан и Леѓин, односно Леген и Леѓин град[50]).

За дефиле Ледена или Орас кале пишува и капитен Бендерев. Притоа, тој го приведува и мислењето на Ами Буе, според кое во клисурата „веројатно имало пат за тврдината Ледена"[51]).

Срезоо кале му било познато и на Ѓ. Петров. Тој прочитал некаде дека војводата Стрез имал своја тврдина околу Скопје, над Вардар. Освен тоа, тој го забележал и локалитетот кај с. Оращје, односно „Собриско-кале", каде имало урнатини од згради. Притоа, тој го привел и преданието, според кое калето

---

45) Г. Елезовиќ, Турски споменици ... стр. 47 и 136. H. Šabanović, нав. труд, стр. 95.

46) H. Šabanović, нав. струд, стр. 85. Види и во Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер № 4 ... стр. 298 како и Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, том III, Скопје 1976, стр. 108.

47) Гедеон Юсифа Юришић, Дечански првенацъ, Нови Сад 1852, стр. 108 и 109.

48) Љубен Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје 1959, стр. 97.

49) J. X. Васиљевић, прив., статија, стр. 207.

50) Исто, стр. 206.

51) Капитан Бендеревъ, Военна географія и статистика Македоніи и сосѣднихъ съ нею областей Балканскаго полуострова, стр. 326.

го добило името од некој стар град Собрија"[52]). Спомнатиот град бил наводно „главно место во казата и дека по неговото паѓање под турска власт жителите на градот се преселиле во Побреге.

За А. Селишчев има Градец или Стрезово кале, но и Собрија со тврдина во Дервента[53]). Интересно е да се одбележи дека тој, локалитетот Градиште (Стрезово кале), го зацртал на приложената карта од десната страна на реката Вардар[54]).

2. Град непознат по име кај селото Вратница.[55])

Локалитетот се наоѓа на местото Кале, на околу 4 км западно од с. Вратница. Градот бил изграден под врвот Љуботен, на еден рид, кај составот на Ливадичка и Љуботенска Река. Таму, бездруго лежел еден од градовите за кои пишува биографот на српскиот владетел Милутин по повод преземањето на Полог[55а]). Локалитетот, на кој некогаш лежел градот, денес е зараснат со шума и тешко достапен за проучување. На него се наоѓаат останки од градежна керамика, од ќунци за вода и фрагменти од ѕидови.

3 Лешок.

Градот бил изграден во близина на една неидентификована антична населба, на еден камен што се издига над манастирот Богородица Лешочка. Местото е многу стрмно од западната страна. Северно од локалитетот тече Лешочка река и таму, во нејзината долина, постои топоним по име Ко(в)ачница. Од јужната

52) Материали по изучванието на Македония..., стр. 254, 417 и 445. Своевремено и Ј. Цвијиќ го забележал прикажувањето на селаните од с. Лешок за Собри, дека таму порано била главна варош во Полог и дека втора населба по значење била во с. Побреге, каде имало и урнатини. Според него имало Градиште и од десната страна на р. Вардар, во Дервентот, со трагови од стар град. Ј. Цвијић. Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије, III, стр. 1062 и 1069.

53) А. М. Селищев, прив. труд, стр. 49 и 63.

54) За градот Собри види и кај: Рад. Грујић, прив. статија, стр. 40, потоа и кај А. Дероко, Средњевековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији, Просвета 1950, стр. 198, како и кај А. Стојановски. Неколку нови податоци за градот Тетово од XV и XVI век, Историја III, Скопје 1967, 2, стр. 94, бел. 21 и најодзади кај М. Панов, Жеденска клисура, Годшиен зборник на Филозофскиот факултет во Скопје, Природо-математички оддел, кн. 7, стр. 166.

55) Можеби е идентично со καὶ τὴν Βράτ (Б(в)рат...) од грамотата на византискиот цар Василиј II во кое место призренскиот епископ притежавал одредени права. Й. Ивановъ, прив. труд, стр. 554. Р. Грујиќ, по примерот на Ст. Новаковиќ, спомнатиот топоним го чита како Брето (καὶ τὸν Βραίτον). Притоа, тој тоа место го идентифицира со Брути, што се наоѓа во пределот околу составот на реките Бел и Црн Дрим. Р. Грујић, прив. статија, стр. 43.

55а) „пріиеть оба Полога сь градови их и сь областиіо".Животи краљева и архиепископа српских... стр. 108.

страна градот бил заштитен со еден засек во земјата. На Калето, на западниот дел се зачувани ѕидови од кула во висина од околу 8 м. Поголемиот дел од горната површина на градот е разриена од работите што таму со години ги вршеше претпријатието „Неметали". Името на градот е забележано во врска со освојувањата на српската феудална војска во Македонија и во соседните предели. Имено, кон крајот на XII век великиот жупан Немања, покрај другите градови, го презел и разорил „и градот Лешок во Долниот Полог"[56]). Во 1282 година Полог паѓа под српска власт. Во XIV век, Призренската епископија притежавала имот во Лешок, во Долниот Полог. Станува збор за црквата св. Богородица и при неа три стаси поповски што се викале „Двор Пискупов од века"[57]). Освен тоа Хтетовскиот манастир имал имоти што се граничеле со лешочкиот пат или биле под Лешок[58]).

## 4. Леген град.

Во Македонија не постои топоним Леген град[58a]). Името е познато од народните песни, потоа од некои белешки направени во врска со проучувањето на Полог, а и на некои градови во Македонија. Имено, во песните црковни (од Струмица) како и во песната Латински крал и Огнен се пее за земја Легенска, за легенски христијани, за Легена града и за Легенки девојки[59]).

Според песната „Женидба Душанова" Леѓан бил латински град и до него водел пат преку Вучитрн и Загорје. Под градот Леѓан се протегало „поље Леѓанско". Градот имал „Леѓанска врата" и кули („под највишу кулу" и „бијела кула"). Во гра-

---

56) Списи светога Саве и Стевана Првовенчанога, Београд 1939, стр. 183. Според Грујиќ, градот Лешок повеќе не се изградил, а неговата улога ја превзела тврдината кај Хисарот, т.е. еден обновен стар град, во кањонот на р. Бистрица. Р. Грујић, прив. статија, стр. 45.

57) Ст. Новаковиќ, Законски споменици..., стр. 640. Има мислење дека местото Λεασκουητζὸν забележено во грамотата на византискиот владетел Василиј II за правата на Охридската архиепископија одговара на коренот на Лешок во Долниот Полог. Р. Грујиќ, прив. статија, стр. 43 и 44.

58) С. Новаковиќ, Законски споменици..., стр. 657—661; А. Соловјев, Одабрани споменици..., стр. 129—132. За „градот Лешок" и за „првиот црковен центар на Полог" види во приведената статија на Р. Грујиќ, на стр. 37 и 41; Опис на локалитетот дава Бл. Алексова во „Средновековни наоѓалишта... на стр. 221 како и Ѓ. Петров во Материали..., на стр. 435.

58a) Според В. К'нчов во Мелник „Леген" го нарекуваат плоштадот, на кој се наоѓаат манастирите; тој е „како едно острово меѓу длабоки урви кои се протегаат околу него'. Васил Кънчов, Избрани произведения I, София 1970, стр. 143. Леген град е составен од основниот збор град и придавката леген. Станува збор за еден детерминативен композитум по примерот на Црвен Град (кај с. Клечовци), Зелени Град (во близина на Злетово), Белград (Т. Велешко), Аршин Град, Железен Град, Камен Град, Равен Град, Свети Град и др.

59) Миладиновци, Зборник 1861—1961, Скопје 1962, бр. 30 и 84, стр. 33, 34, 109 и 112.

дот живеела „леѓанска краљица“[60]). Името Леѓан Стојан Новаковиќ го објаснува со унгарскиот збор „lenguel“ во значење Пољаци. Воедно, тој укажува како се создал Леѓан град од епитетот Леѓанин[61]). Во почетокот на XIX век митот за Леген град бил пренесен од народната традиција во литературна творба. Имено, во житието за кнез Лазар, меѓу другото пишува и ова: „Уште мало нешто да кажеме што направил манастир во тетовски вилает Легена града, у место Лешок, више кале Лешечко созида манастир[62]). Освен тоа во еден запис во ракопис од Марковиот манастир стои потпис „Кирил јеромонах, село од Теарце родом, от Леген град сиреч Тетово“[63]). Во приведените зборови Леген град се идентифицира со Тетово. Меѓутоа ова изедначување не може да се потврди со податоци од напишани извори.

Подоцна Ѓ. Петров го пренел во својот труд верувањето на селаните, според кое с. Лешок лежи на местото на некој си стар град по име Леген[64]). Истите селани на Ј. Цвијиќ му го покажале и местото (околу минералната вода) каде имало урнатини од градот Леген[65]).

Ј. Х. Васиљевиќ при реконгносцирањето во Тетовско го запишал преданието за Леѓан град и за начинот на освојувањето на тој град од страна на Турците. Освен тоа, тој прикажува за територијата на која лежел градот и за локалитетот, кој во 1909 година бил во лична сопственост. Во продолжението од таа информација Ј. Х. Васиљевиќ пишува дека на теренот немало повеќе останки од материјалната култура и дека многумина Леѓан — Леѓин град го поврзуваат со с. Лешок. На крајот од своето известување тој, без да приведе докази, тврди дека останки од „тврдината на градот Леѓин-Леген се наоѓаат во манастирот и во селото Лешок[66]). Неговото мислење го споделува и А. Селишчев, кој пишува дека Леген град заедно со тврдината лежел таму каде што е денес селото Лешок[67]).

Меѓутоа, во врска со убикацијата на Леген град кај с. Лешок треба да се има предвид дека Лешок и како град и како село постојано го носел тоа име и во пишаните извори нема

---

60) Вук Стеф. Караџић, Српске народне пјесме, књига друга, Београд 1932 № 28, стр. 123, 125, 129, 135, 136, 139 и 140.

61) St. Novaković, Ueber Legjan-grad (Ledjan-Stadt) der serbischen Volkspoesie, Archiv für slavische Philologie, Dritter Band, Berlin 1879, s. 129

62) Кирил Пејчиновиќ, Собрани текстови, Скопје 1974, стр. 79 и 80.

63) Исто, стр. 94.

64) Материали по изучването на Македония, стр. 434.

65) Ј. Цвијић, нав. труд, стр. 1069.

66) Ј. Х. Васиљевић, нав. статија стр. 206.

67) А. М. Селищев, нав. труд, стр. 49. Тука го приведуваме и мислењето на Ј. Павловски и Ж. Стефановски искажано во книгата: Тетово, на стр. 29 и 30 дека Леген град откако бил разорен од Немања во 1189 година станал само село кое е наречено Лешок.

податок дека тој имал и втор назив. Освен тоа се прикажува дека и Градишттео во вардарскиот Дервен бил остаток „од Леѓан и Леѓин, односно Леген и Леѓин града“[68]) и дека и во Бела Вода, во близината на велешкото Башино село, се наоѓал некогаш „Легена града“[69]).

5. Град Баницъ.

Градот бил изграден во близината на Тетово и на планинското село Селце, од десната страна на реката Пена, на местото што се нарекува Хисар. Локалитетот е обграден со суводолици и вода. Во близина на Хисарот има едно мало поле и место што го нарекуваат Бањиче. Таму, од речниот нанос истекува минерална вода. На локалитетот се наоѓаат останки од материјалната култура. Средновековна населбинска керамика е најдена во подножјето на Хисарот, на самиот брег на реката Пена[70]).

Р. Грујиќ мислел дека на местото Хисар, „кое се наоѓа на 2—3 км од Тетово, во кањонот на реката Бистрица“ бил обновен еден многу стар град[71]). Впрочем, за средновековната населба на Хисарот пишува и охридскиот архиепископ Димитрија Хоматијан. Имено, тој во едно од своите писма го спомнува селото Баниште (Βανίστη) веднаш по манастирот Богородица Хтетовска во горниот Полог (τοῦ ἄνω Πολόγου). Притоа, и при постоењето на друг Полог во Албанија, тој ја уточнил неговата положба[71a]). В. Томашек добро не го разбрал значењето на географскиот податок, па оттука и извел несоодветен заклучок дека манастирот Богородица Хтетовска лежал во центарот на Горниот Полог и дека горниот дел од котлината во целина се нарекува Тетовско поле по Тетово[72]).

Подоцна и Р. Грујиќ не се снашол во приведените зборови од писмото на Димитрија Хоматијан. Имено, и тој го изедначил селото Βανίστη со селото Бањица во Горни Полог но, за разлика од В. Томашек, го поставил манастирот Богородица Хтетовска во Долни Полог. Притоа во заграда го дава и грчкиот назив за пределот кој во превод значи Горни Полог[73]).

Целата бркотија се создала од постоењето на по два топоними Полог и Баница. Село со име Баници е регистрирано во грамотата на бугарскиот владетел Константин Асен за манасти-

---

68) Ј. Х. Васиљевић, нав. статија, стр. 206.

69) Миленко Филиповић, Северна велешка села, Насеља и порекло становништва, књ. 28, Београд 1935, стр. 556.

70) Бл. Алексова, нав. статија, стр. 220.

71) Р. Грујић, нав. статија, стр. 38 и 45.

71a καὶ τὸ περὶ τὰ Βελλαγράδα και Πόλογον και Κολώνειαν. . . , Georgius Pachymeres, volumen prius, Corpus Scriptorum historiae byzantine, ΑΘΗΝΑΙ, p. 107.

72) W. Tomaschek, нав. статија, стр. 362.

73) Р. Грујић, нав. статија, стр. 34 и 45.

рот Св. Георгија кај Скопје. Топонимот е приведен веднаш по селото Точил[74]). Спомнатите села Р. Грујиќ, а и А. Селишчев, ги убицираат во Горни Полог, во близината на Гостивар. Нема сомневање дека именуваните научни работници, при убицирањето на селата, биле поведени од текстот на грамотата што претходел на оној за Точил и Баници. Имено, таму се спомнува во Горни Полог едно село, чие име е избришано. Меѓутоа, ако внимателно се прочита текстот од грамотата што се однесува за селото Речица и за неговите меѓи, се гледа дека топонимот Точил се наоѓа во близината на с. Речица[75]). Впрочем, постоењето и на Друга Горна Баница може да се потврди и со податокот од опширниот пописен дефтер број 190 од 1568/9 година[67]). Од Баниць потекнувал кир Маноило, кој се спомнува во пописот на имотите на Хтетовскиот манастир[77]).

## 6. Градец.

Името на градот е апелатив и потекнува од деминутивниот облик на зборот. Тетовскиот Градец[78]) бил изграден на еден рид што се издига на самиот раб од полошката котлина. Местото е познато под името Градиште. На самиот локалитет има останки од гробови и градежни објекти. Таму, во близината на Градец, некогаш лежела една античка населба, а бил изграден и средновековниот манастир Модрич[79]). Самиот локалитет веројатно бил покриен со „град Градец" кој, во времето на Немања, бил преземен од српската феудална војска[80]). Според мислењето на В. Томашек градот Градец можеби одговара на ишчезнатиот град Полог[81]). Р. Грујиќ го споделувал спомнатото мислење и дури претпоставувал „дека Византијците во текот на XIII век го обновиле стариот жупски град Градац, како центар за Горњи Полог"[82]).

---

[74]) Споменици за средновековна и поновата историја на Македонија. . ., стр. 193.

[75]) Исто, стр. 192. Види и кај Р. Грујиќ, во нав. статија, стр. 38.

[76]) Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, III, Скопје 1976, стр. 71, бел. 46.

[77]) Споменик СКА III, стр. 37.

[78]) Место со тоа име има и близу Крива Паланка, Виница како и близу Валандово.

[79]) Види во мојата статија: Прилог кон убикацијата. . . стр. 255, како и статијата на Бл. Алексова, Средновековни наоѓалишта. . . стр. 230.

[80]) Списи светога Саве. . . стр. 183.

[81]) W. Tomaschek, нав. статија, стр. 361. Р. Грујић, прив. статија, стр. 39. Види ја и мојата статија: Дали постоел град Полог, Гласник на Институтот за национална историја I—1, стр. 275.

[82]) Р. Грујић, нав. статија, стр. 38 и 39.

7. Соколец.

Соколец се нарекува еден голем камен што се издига меѓу селата Калишта и Пожаране на надморска висина од 978 м. Локалитетот е познат и под име Sokolec e madhe (Голем Соколец), а во XV век бил забележен и како Sahin Taši што во превод значи Соколов камен[83]). Таму, на тоа место во вториот, погорниот појас на шар-планинските населби некогаш лежел еден средновековен град. Тој имал прекрасна положба и бил поставен на еден камен во близината на полошката котлина и планините Кучибаба, Думково и Брестовец. Оттука има убав и широк поглед врз целата полошка котлина и околните планини. Југозападно од Соколец се протегаат две тераси, а јужно од него тече река, која се влива во полошката котлина кај селото Добри Дол. Освен тоа, околу Соколец има многу ниви, ливади и шумички.

На локалитетот има керамика и трагови од темели, со дебелина од околу 2 м. Тие се протегаат во два појаси и тоа по средината и по северниот раб од каменот. Во централниот дел од калето се зацртуваат останки од една кула[84]). Во подножјето на Соколец има една пештера, која е култно место за жените од блиските села. Во близината на калето некогаш постоела црква св. Спас, а во насока кон с. Неготино има топоним по име „Словенски гробишта" (Vorr Schiavone).

Положбата на Соколец сосема одговара на позицијата на Полог што своевремено ја запишал Идриси во описот на спомнатиот град. Според него: „По два добри дена патување од Охрид се доаѓа во еден град по име Полог; тој има прекрасна положба во една котлина што се протега меѓу две планински вериги"[85]). Во софискиот ракопис на „Географијата" на Идриси стои „дека е убав градот" и „дека е (лежи) на една голема планина"[86]). Неколку века подоцна Барлетиус напишал дека градот Полог лежи во поле, дека е обграден со големи и пространи планини и дека кон него водел пат од Горни Дебар и од Модрич, кој оттука продолжувал на исток кон Скопје[87]). Освен

[83]) Г. Елезовић, Турски споменици, I—1, стр. 49 и 50.

[84]) Кулите на Соколец, односно на Соколов Камен (Šahin taši) во запустена или разрушена состојба („Разрушене куле", „Опустеле куле" и „Порушену кулу") се забележени во 1463 година во Основното писмо, вакуфнамата на џамијата во Теке Махали, во Тетово, задужбина на Мехмед бег, син на гази Исхак бега. Г. Елезовиќ, нав. труд, стр. 49, 50 и 52.

[85]) Von dieser Stadt sind zwei starke Tagreisen zu einer Stadt, Namens Bologo, welche eine anmuthige Lage in einem Thalkessel mitten zwischen zwei Bergreihen besitzt. W. Tomaschek, нав. статија, стр. 360.

[86]) Борис Недков, България и съседните ѝ земи през XII век според Идриси, София 1960, стр. 37. Според Б. Недков положбата на градот „Булугу" е непозната. Види во неговиот труд на стр. 112.

[87]) Die „campestria ubi sita est urbs Pologus", welche umgeben sind von den „montes Pologi insignes altitudine". W. Tomaschek, нав. статија, стр. 361. Види и во: Vita et res praeclarae gestae Christi athletae Georgii

тоа на Идрисовата карта од 1154 година градот „Bologu“ е зацртан на врвот од еден рид[88]).

Оддалеченоста на градот Полог од Охрид кај Идриси била одмерена со денови патување. А. Селишчев, а по него и Ст. Романски, веројатно ја имале предвид оваа временска компонента кога го убицирале градот Полог кај Тетово[89]). Спомнатиот пат мерен со мера за должина изнесува околу 125 км. Имено, од Охрид до Кичево има 54 км, од Кичево до Гостивар 46 км, од Гостивар до Соколец околу 8 км, а до Тетово уште 17 км. При средновековни можности за патување и состојба на патиштата постои мала веројатност дека патот Охрид—Тетово можел да се совлада за 2 дена патување[90]).

Идриси во продолжението на описот на западниот пат пишува дека од Полог до Скопје имало 1 ден пат. Комуникацијата во тоа време веројатно водела преку преодот Света[91]). Нејзината должина изнесувала околу 46 км. и тоа Соколец—Групчин околу 17 км. и Групчин—Скопје 29 км. Впрочем, за постоењето на таков пат, кој водел од с. Галата за Скопје, има податок во вакуфнамата на џамијата во Теќе Махала во Тетово[92]).

## 8. Миланово Кале.

Станува збор за непознат град што некогаш лежел на местото Градиште кај селото Врапчишта, во близината на Гостивар[93]). Според М. Цепенков на тумбата која е висока околу

---

Castrioti, Epirotarum principis... a Marino Barletis Scodrensi sacerdotae conscripta, Zagrabiae 1743, p. 205, 206 и 211.

88) Илија Синдик, старе карте југословенских земаља, Београд 1931, таб. III.; Полог е означен како „Civitas in Macedonia“ во Acta et diplomata res Albaniae mediae aetatis I, Vindobonae, 1913, стр. 764. Меѓутоа, пишувањето на Барлетиј за постоење на град Полог во времето на Скендер бег нема потврда во турските пописни книги од XV век. Види под вилајет односно нахија Калканделен: во Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер №4 и Опширни пописни дефтери од XV век, том III, како и кај H. Šabanovic во наведениот труд.

89) А. М. Селищев, Полог и его болгарское население... стр. 76. Ст. Романски, Имената на нѣкои македонски градове, 6. Тетово и Пологъ, Македонски прегледъ, година VII, София 1932, кн. 4, стр. 6 и 7.

90) За досегашните убикации на градот Полог види во мојата статија: Дали постоел град Полог, Гласник на Институтот за национална историја I, Скопје 1957, 1, стр. 271, како и кај Галаба Паликрушева, Некои елементи за етничката историја на Горни Полог, Мавровско и Горна Река, Гостиварскиот крај I, стр. 185/6.

91) За полошката комуникација види кај Г. Шкриванић, прив. труд, стр. 98/9.

92) Г. Елезовић, прив. труд, стр. 49, 51, 137 и 139.

93) Ѓ. Петров го забележал народното предание за потеклото на името Гостивар. Називот наводно потекнувал од зборовите „гости варь“ (има гости) што ги изговориле членовите на една турска дружина од Порече при ограбувањето на манастирот Св. Димитрија. Подоцна дел од турската тајфа се населила во близината на манастирот и основала село

200—300 аршини, имало темели од некое кале, што го изградил некој си Милан[94]).

9. Трново, втор назив Ѕвезда Кале.

Ѕвезда Кале се наоѓа на еден каменит рид што се протега на составот на Србиновска и Ѓоновичка Река. Околу него се простираат планините Буковик и Сува Гора и меѓите на селата Ѓоновица, Србиново, Трново и Падалиште. Во близината на Калето, на околу 15 км од него, во XIV век постоел манастир, кој го добил името по Гостивар.

Името Ѕвезда за градот, што тука некогаш бил изграден, потекнува од својството што го има локалитетот. Имено, Калето лежи на една грамадна краста составена од калцит. Неговите измазнети површини при утринско сонце светкаат како стакло. Таа појава ја забележал Вељо Јовановски од с. Здуње, кој е шумар во тој реон[95]).

Денес на Калето, пред сè на врвот и по средината на ридот, сè уште се распознаваат урнатини од некогашниот град. Имено, се зачувани останки од јужната кула, а има траги од југозападната кула и северната кула, како и од еден внатрешен објект со визба. Освен тоа, има и наштрбанати платна од надворешниот ѕид и тоа на јужниот и источниот дел од градот. Видни се трагите и од еден ѕид што се спуштал кон реката, кон долниот дел од градот. Тука, во подножјето на Калето, во местото

по име Гостивар. Материали по изучванието на Македония, стр. 426. А. Урошевиќ како да го прифаќа ова народно објаснување на името. Имено, тој го датира постанокот на називот во преттурскиот период и притоа претпоставува дека називот потекнува од гостилничар или гостилница. Според него тука престојувале гости (патници или трговци) на патот од полошката котлина за Кичево и Дебар. А. Урошевиќ, За некои топоними во Македонија, Географски разгледи, книга 2—3, Скопје 1965, стр. 113 и 114. Треба да се одбележи дека слично објаснување дава Г. Шкриваниќ за потеклото на името на с. Падалиште. Тоа е изведено пред сè врз основа на зачуваната традиција и според него „падалиште" се нарекува место „где би пао караван на преноћиште". Наводно и турските документи со зборот „падалиште' означувале места „где би пао султан или неки истакнути војсковођа са војском". Г. Шкриванић, прив. труд, стр. 27 и 28. Меѓутоа, тука се испушта од предвид дека попатна станица можел да биде градот Трново и дека притоа постои и друго објаснување на значењето на приведениот збор. Според Ѓ. Петров и неговиот труд на стр. 466" падалищата' се водопади на реката што го носи тоа име. Навистина, такво падалиште има и на местото „Бела вода" во близината на Ѕвезда кале.

94) М. Цепенков, прив. труд, стр. 132 и 133.

95) Името Ѕвезда го носи и едно село кое лежи североисточно од Корча и во пазувите на Сува Планина. Спомнатото село во средниот век било познато и под име Селасфорос, во значење „светлоносец". Тоа име бездруго потекнува од својството на каменот врз кој бил изграден средновековниот град Девол, кој имал втор назив Ѕвезда, односно и трет назив Селасфорос. Види ја мојата статија: По трагата на средновековниот град Девол, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 1 (27), Скопје 1975, стр. 187—200.

„Болница", има траги од гробови. На спротивната страна од Калето, т.е. од десната страна на Србиновска Река, во атарот на с. Србиново, се наоѓа местото Самоков. Името останало од некогашната ковачница. Од неа уште се распознава каналот низ кој течела вода за плавење. Таа била зафатена од два извори, а потоа спроведена под една голема карпа, и со спуст од околу 8 м се сливала во „колото" на самоковот. На тоа место денес се протега нивата на Џелаил Џели. Тој пред 50 години тука, при ѕидањето куќа, нашол железна штангла со димензии 0,48 x 0,16 x 0,16. Металниот лост толку е тежок што одвај може да се подигне во висина. Во Самоковот се обработувала руда што била копана кај с. Страњане. Тука и денес се познаваат траги од некогашните површински копови, кои се долги и до 1 км, а длабоки околу 10 м. Копови имало и во местото Рудина кај с. Железна Река.

Ѕвезда Кале бездруго е идентично со Хисарот Трново, кој бил забележен во опширниот пописен дефтер № 4 од 1467/8 година[96]). Спомнатата тврдина заедно со Собри и со Ергири Касри добила од призренскиот хисар еден контингент оружје[97]).

Во XV век средновековните градови во Полог биле напуштени и запустени. Околу 1450 година, турската власт ги задржала и натаму како активни само тврдините Собри и Трново. Во исто време населбата Тетово била сè уште село, и по бројот на жители, дури и помало од с. Врапчишта[98]).

---

96) Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширен пописен дефтер № 4 (1467—1468 година), Скопје 1971, стр. 366.

97) H. Šabanović, нав. труд, стр. 2, бел. 74. За Ѕвезда Кале види и во Материали за изучването на Македония стр. 466, потоа кај Ј. Цвијиќ во прив. труд, III, стр. 1068 и 1069, како и кај А. Селищев во прив. труд, стр. 49 и 66 и најодзади кај И. Микулчиќ во прив. статија, стр. 83, 85, 88 и 89.

98) Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XV век, том III, стр. 103 и 138.

Tomo TOMOSKI

## DIE MITTELALTERLICHEN BURGEN IM GAU POLOG

(Zusammenfassung)

Polog ist der Talkessel in der Quelgebiet des oberen Vardars zwischen zwei Gebirgsreihen namens Šar-planina und Suva Gora mit Žeden. Die Geschichte der mittelalterlichen Burgen in Polog kann anhand erhaltener schriftlicher Quellen (die historische Urkunden und Schriftstücke), ferner der Reste der materiellen Kultur und der Ortsnamenlehre rekonstruirt werden.

Die antike und die frühbyzantinische Städte (heute die Ruinen bei den Dörfen Gradec und Lešok) verschwanden im Laufe der grossen Völkerwanderung. Im Laufe des feudalen Prozesses erwuchsen die mittelalterlichen Burgen, wie z. B. Sobri, Lešok, Sokolec, Trnovo (Zvezda) und andere. Am meisten Berühmtheit genoss den Burg Polog (Πόλογος d. h. Idrisis Bologho) die in einer anmuthigen Lage, bei Dorf Kalište, in der Nähe Gostivar, auf dem Wege Gostivar — Kičevo liegt. Zweifels ohne Sokolec entspricht der verschollenen Ort Polog. Ferner Zvezda entspricht der byzantinischen Namensform Selasforos. Die Namen der Burgen, die überwiegend slawisch sind, sind aus der Zeit Idrisi's bekannt. Mit dem Bau der steingemauerten Burgen, auf hohen steilen Felsen hat man am Ende des 9. und der ersten Hälfte des 10. Jahrhunderts begonnen. Die Burgen wurden durch den Zwang der feudalen Herren zum Schutz ihrer Interessen erbaut. Die Entwicklung der Burgen wurde durch ständige Kriege und durch Wechsel der Obrigkeiten gehindert. Der Bürgerstatus wurde durch „das Gesetz der Stadt" bestimmt. Am Ende des 14. und in der ersten Hälfte des 15. Jahrhunderts werden die Feste erheblich verstärkt.

Gegen Ende des 14. Jahrhunderts nach dem Ansturm der Türken und nach der Festigung der Türkenherschaft in Polog verschwanden der meisten Burgen und überstanden nur zwei: Sobri und Trnovo. Gleichzeitig wurde die Neustadt Tetovo gegrundet.


ВРАТНИЦА
СОБРИ
ДЕРВЕНТ
ВАРДАР
ЛЕШОК
ПОДБРЕГЕ
ЖЕДЕН
БАЊИЧЕ
ТЕТОВО
ЖЕЛИНО
ДЕРВЕНТ
СКУПИ
СКОПЈЕ
ЧРНЧЕ
ТРЕСКА
ГРАДЕЦ
СТЕНЧЕ
СУВА ГОРА
ВРАПЧИШТА
ВАРДАР
ГОСТИВАР
БАЊИЦА
ВРУТОК
ЅВЕЗДА
ПАДАЛИШТЕ
БУКОВИК
ТРЕСКА
ДЕВИЧ
КИЧЕВО
БРОД
Средновековни
градови и патишта
во Полог
град
пат